w0490

ВЕЧЕР, Ск. 11.01.1994, 9458, 11,



ДРЖАВАТА И ОТКУПУВАЊЕТО ДЕЛА ОД СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ

# ПАЗАРЕЊЕ БЕЗ П(Р)ОПУСТ

● **МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ, ПО ПОДОЛГА ПАУЗА, ДОБИ ПАРИ ЗА ОТКУП НА УМЕТНИЧКИ ДЕЛА, ПОТЕГ ШТО МОЖЕ ДА СЕ ТОЛКУВА КАКО ИМПУЛС ЗА МЕНУВАЊЕ НА ОДНОСОТ КОН УМЕТНИЧКОТО БОГАТСТВО И ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА ПАЗАРОТ НА УМЕТНИНИ**

**По подолго време Музејот на современата уметност, како што соопшти директорот Зоран Петровски, ќе може да откупи уметнички дела (слики, скулптури...) и, конечно, да ја оживее една, барем за Музејот, скоро заборавена, а толку значајна практика каква што е откупувањето на вредни остварувања во современата уметност.**

Би сакале да веруваме дека ова навестува и надминување на една крајно неповолна ситуација – за уметниците и институциите од ликовната сфера – илустрирана и со изјавата на министерот за култура Ѓунер Исмаил дека Министерството, во текот на минатава година, не откупило ниедно уметничко дело, и дека општата слика во овој културен сегмент е повеќе од „минималистичка". Тоа, се разбира, треба да значи дека не само што Министерството, како институција, не „закачило" ништо ново на ѕидовите од канцелариите, туку и не обезбедило доволно пари со кои соодветните, стручни, институции (музеи, галерии) ќе можат да го направат тој откуп. Коментарот на министерот тендира да го прикаже правилото, а не исклучоците. Зашто, Министерството, сепак, партиципираше во проектите од ликовната сфера и преку откупните награди што ги „поделува" галериите.

**Музејот на современата уметност (годинава не откупи ниеден цртеж од годишната изложба на ДЛУМ) сега ќе пристапи кон избор на дела што ќе ги откупи. Тоа и не е голем проблем од проста причина што во музејската колекција веќе постојат дела, добиени по волја на авторите, што ќе бидат први на откупната листа. Но, тоа не значи дека (кога би имало пари) нема проблеми во „откупната политика". А тие произлегуваат од постоечката ситуација во која не е дефиниран – не постои – пазар на кој би се валоризирале уметничките дела. Ниту уметниците „знаат" колку да побараат, ниту, пак, купувачите колку да понудат, кога немаат поцврсти пазарни ориентири. И не само што не функционира пазарот на уметнини (оттаму и за купувачите од странство ова е „багатела"), туку не постои ни евиденција каде, во чии колекции, се наоѓаат дела на реномирани автори од историјата на македонската современа уметност. Последицата на тоа е што купувачот, едноставно, не знае „каде да се обрати", каде што може да најде.**

Откупувањето на уметнички дела од современата уметност, кога веќе не се заштитени како споменици на културата, може да биде една од значајните форми низ кои државата ќе го покаже својот интерес (ќе им го даде потребното значење) за нив. Да биде, конечно, меѓу купувачите и, по можност, меѓу оние кои нудат најмногу.

**З. Лозановски**